14-03-2022 УП1-03/40

( Образец ПП......)

03/[illegible]

**До: Министерство за култура на Р.С.Македонија**
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**
**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [illegible]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: **Состав на комисија за избор во стручни звања Виш библиотекар и Советник библиотекар и манадат на траење**

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Архивски знак: ________
Рок на чување: ________ год.
________ 20 ____ год.
Потпис,

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
MINISTRIA E KULTURËS
СКОПЈЕ-SHKUP

| Примено: / Pranuar: | 15.03.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Njësia Org. | Број / Numri | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
| УП1 | 03-40 | | |

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во Штип, 04.03.2022 година .** **Потпис**

____________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена фор...)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
УП1 бр. 03-40
16.03 2022 год.

Скопје

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од страна на лицето УП1 бр.03-40 од 04.03.2022 година, заменикот министер за култура, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

### за посредување по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** поднесено од страна на лицето УП1 бр.03-40 од 04.03.2022 година (во натамошниот текст: барател на информација) до Министерството за култура СЕ ПРИФАЌА.

Со Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот на информацијата се бара следната информација:

**„Состав на комисија за избор во стручни звања Виш библиотекар и Советник библиотекар и манадат на траење“**

Барателот на информацијата побара информациите да му бидат доставени во електронска форма на електронска адреса.

Министерството за култура на електронската адреса во прилог на ова Решение доставува:

- Решение за именување претседател и членови на Рецензиона комисија за избор и реизбор во изборни стручни звања во областа на библиотечната дејност Бр.29-11485/1 од 11.11.2020 година на Министерството за култура.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Лицето [illegible] поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено под УП1 бр.03-40 од 04.03.2022 година, со кое побара следната информација во електронска форма да се достави на електронска адреса:

**„Состав на комисија за избор во стручни звања Виш библиотекар и Советник библиотекар и манадат на траење"**

Постапувајќи по Барањето, а во согласност со членот 20 став (1) од Законот, според кој ако имателот на информацијата позитивно одговори на барањето или ако барањето делумно или целосно го одбие, за тоа ќе донесе решение, Министерството за култура одлучи како во диспозитивот на ова Решение и на Барателот на информацијата му ги даде бараните информации содржани во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Согласно членот 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Министерството за култура на __.__.2022 година, под УП1 бр. 03-40.

ЗАМЕНИК МИНИСТЕР
Daim Luçi

Подготвил: Ана Кардула, службено лице

Република Северна Македонија
Министерство за култура

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës

Бр. 29-11485/1

11.11 2020 год.

Скопје

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02; 82/08; 167/10; 51/11 и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19; 110/19 и 154/19), а во врска со член 48 став (2) од Законот за библиотеките („Службен весник на Република Македонија" бр.66/04, 89/08, 116/10, 51/2011, 88/15, 152/15 и 39/16), министерот за култура донесе:

# РЕШЕНИЕ

**за именување претседател и членови на Рецензиона комисија за избор и реизбор во изборни стручни звања во областа на библиотечната деност**

Член 1

Со ова решение се именуваат претседател и членови на Рецензиона комисија за избор и реизбор во изборни стручни звања, во областа на библиотечната дејност (во понатамошниот текст: Рецензионата комисија).

Член 2

За претседател и членови на Рецензионата комисија се именуваат:

1. Валентина Илиоска Дојчиновска, библиотекар-советник во НУ НУБ „Св. Климент Охридски" – Скопје - претседател;
2. Викторија Костовска, библиотекар-советник во НУ НУБ „Св. Климент Охридски" – Скопје –член;
3. Соња Велјановска Стрезовска, библиотекар-советник во НУ НУБ „Св. Климент Охридски" – Скопје – член;
4. д-р Биљана Кочишки, библиотекар-советник во ГБ „Браќа Миладиновци" – Скопје- член;
5. м-р Јелена Петровска, библиотекар-советник во НУ НУБ „Св. Климент Охридски" – Битола- член;
6. д-р Лулзим Алиу, Педагошки факултет – Скопје – член;
7. д-р Букурие Мустафи, Институт за културно и духовно наследство на Албанците– Скопје – член.

Член 3

Рецензионата комисија има за задача да:

- подготви база на прашања за првиот дел од стручниот испит за избор во изборното стручно звање виш библиотекар согласно Програмата за полагање стручен испит за избор во изборното стручно звање виш библиотекар која е составен дел на Правилникот за соодветноста на видот на образованието и описот на стручните звања во областа на библиотечната дејност, програмата за полагање на стручниот испит, формата и содржината на образците на барањата за избор и реизбор во стручни звања, начинот на полагање на стручниот испит, начинот на вршење избор, односно реизбор во стручни звања и начинот на утврдување на бодовите за избор, односно реизбор во стручните звања („Службен весник на Република Македонија" бр.108/16) во натамошниот текст: (Правилникот);

- направи избор од 60 прашања од базата од алинејата 1 на овој член за секој кандидат,

- утврди дали лицата кои поднеле барање ги исполнуваат условите за полагање стручен испит и за избор, односно реизбор во стручно звање утврдени со Законот за библиотеките и со Правилникот. го оцени полагањето на стручниот испит согласно Правилникот,

- го изврши бодирањето на стручниот придонес во библиотечната дејност, согласно Законот за библиотеките и Правилникот и

- во рок од 30 дена од денот на доставување на барањето за избор, односно за реизбор во стручно звање да достави до министерот за култура предлог за избор/невршење избор, односно реизбор/ невршење реизбор во стручно звање.

Рецензионата комисија е должна постапката за избор, односно за реизбор да ја заврши најдоцна во рок од два месеца од денот на доставувањето на барањето за избор, односно за реизбор во стручно звање.

Член 4

Предлогот за избор/невршење избор, односно реизбор/ невршење реизбор во стручно звање од членот 3 став 1 алинеја 6 од ова решение треба да содржи: биографски податоци за кандидатот, оцена за исполнетоста на условите за избор, односно реизбор во стручно завање, оценка за избор во стручно звање според резултатите од стручниот испит и оценка за избор, односно реизбор во стручно звање според добиените бодови согласно Правилникот.

Член 5

Мандатот на претседателот и членовите на Рецензионата комисија трае две години.

Член 6

На претседателот и членовите на Рецензионата комисија им следува соодветен паричен надомест што го утврдува министерот за култура со посебно решение.

Член 7

Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## Образложение

Со Законот за библиотеките („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16), е уредено дека стручните работи во библиотеките ги вршат работници со изборни звања виш библиотекар и библиотекар советник.

Според членот 48 став (1) од Законот, изборот и реизборот во изборните стручни звања го врши министерот за култура врз основа на предлог на резензиона комисија.

Согласно членот 48 став (2) од Законот, Рецензионата комисија е составена од претседател и шест члена кои ги именува министерот за култура со мандат од две години. За претседател и членови на рецензионата комисија може да се именуваат научни работници со звање доктор на науки од областа на библиотекарството или лица со стручно звање библиотекар советник, при што треба да се води сметка за соодветната и правична застапеност на заедниците во Република Македонија.

Со ставот (3) на членот 48 од Законот се уредени обврските на рецензионата комисија.

Имајќи го предвид напреднаведеното, министерот за култура одлучи како во дизпозитивот на ова решение.

МИНИСТЕР

Ирена Стефоска

Подготвил:Елизабета Јанкуловска, советник

Согласен: Зоја Андоновска, раководител на одделение

Afed Jashari, помошник-раководител на сектор

Одобрил: Диме Мацовски, државен советник